# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ НА СОС ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

АНАЛИЗАТА Е ОД 2002 ДО 2020.

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

## НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА СО СОС ЛИНИЈАТА




## ЈАВУВАЊА ДИРЕКТНО ПОВРЗАНИ СО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ




## БРОЈ НА ЈАВУВАЊА ПО ГОДИНИ - 6162




ОД ВКУПНО 6162 ЈАВУВАЊА КОИ СЕ ПРИМЕНИ НА СОС ЛИНИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2002 ДО ЈУЛИ 2020, 3646 СЕ ЈАВУВАЊА ОД ЖЕНИ, 2205 ОД МАЖИ И 311 ОД ДЕЦА СЕ ОБРАТИЛЕ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА СОС . 5893 ЛИЦА ПРВ ПАТ СЕ ЈАВИЛЕ НА СОС ЛИНИЈАТА.




## ВИДОВИ НА ЈАВУВАЊА




## ИНФОРМАТИВНИ ПРЕВЕНТИВНИ ЈАВУВАЊА




## ДРУГИ ВИДОВИ НА ПОВИЦИ




20 ГОДИНИ ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

24/7
СОС ЛИНИЈА
0800 11111

## НА СОС Е-ПОШТА ПРИСТИГНА ПОРАКА СО СЛЕДНАВА СОДРЖИНА И БАРАЊЕ ОД ТОМЕ:

**ВИ ПИШУВАМ ВО ВРСКА СО ПРОБЛЕМ КОЈ ГО ИМАМ НА МЕСТОТО КАДЕ ШТО СУМ ВРАБОТЕН. И ПОКРАЈ ТОА ШТО ЗНАЕВ ДЕКА СУМ ПРИЈАВЕН, ПО ЕДЕН МЕСЕЦ УТВРДИВ ДЕКА МОЈОТ РАБОТОДАВЕЦ МЕ НЕМА ПРИЈАВЕНО И МИ ДОЛЖИ ХОНОРАР ОД 20.000 ДЕНАРИ.**

**ОТКАКО МУ ПОБАРАВ ДА МИ ГИ ИСПЛАТИ ПАРИ, ТОЈ ПОЧНА ДА ВИКА ДЕКА МОЖАМ СЛОБОДНО ДА СИ ЗАМИНАМ И ДА СЕ ЗАКАНУВА ДЕКА НЕМА ДА МЕ ИСПЛАТИ. ВЕ МОЛАМ ДА МИ ПРАТИТЕ ИНФОРМАЦИЈА ШТО МОЖАМ ДА НАПРАВАМ И КАКО МОЖЕ ПРАВНО ДА СЕ ЗАШТИТАМ.**

СОС ЛИНИЈАТА ГИ ОБЕЗБЕДИ СИТЕ ПОТРЕБНИ ИНФОРМАЦИИ НА ЈАВУВАЧОТ: ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАКОНСКИТЕ ПРАВА КОИ ШТО МУ СЕ УТВРДЕНИ СО ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ВО НАШАТА ЗЕМЈА; КОНТАКТ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ КОИ ШТО ГО СЛЕДАТ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ НА РАБОТНИ ОДНОСИ И КОИ ШТО ИМААТ МАНДАТ ДА РЕАГИРААТ ВО УСЛОВИ НА НИВНО ПРЕКРШУВАЊЕ; КОНТАКТ ОД ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ШТО НУДАТ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ; ЕМОЦИОНАЛНА ПОДДРШКА.

*ИМЕТО ТОМЕ Е ИЗМИСЛЕНО И ДЕТАЛИТЕ СЕ ОТСТРАНЕТИ СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗАШТИТИ НЕГОВИОТ ИДЕНТИТЕТ.

**СОС ЛИНИЈА**
**0800 11111**

## НА СОС Е-ПОШТА СЕ ОБРАТИ САБИНА:

**САБИНА САКА ДА ЗАМИНЕ ДА РАБОТИ ВО СТРАНСТВО ПРЕКУ АГЕНЦИЈАТА Х КОЈА НУДИ ВРАБОТУВАЊЕ. САБИНА ИМА 23 ГОДИНИ, ЗАВРШИЛА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ. АГЕНЦИЈАТА Х ГИ СРЕДУВА СИТЕ ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПАТУВАЊЕ И ВРАБОТУВАЊЕ.**

**САБИНА ВЕЌЕ БИЛА ВО КОНТАКТ СО ВРАБОТЕН ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ДА ДОБИЕ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ. САБИНА САКА ДА ЈА ПРИФАТИ РАБОТАТА И БАРА ИНФОРМАЦИИ ОД СОС ЛИНИЈАТА КОИ ЗАШТИТНИ МЕРКИ ДА ГИ ПРЕВЕЗЕМЕ СО ЦЕЛ БЕЗБЕДНО ДА МИГРИРА И РАБОТИ ВО СТРАНСТВО.**

СОС ЛИНИЈАТА ГИ ОБЕЗБЕДИ СЛЕДНИВЕ ИНФОРМАЦИИ: ПРОВЕРКА НА ДОЗВОЛАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТИВАЊЕ ВО СТРАНСТВО; ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ВО ИМЕНУВАНАТА ЗЕМЈА; ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ; КОНТАКТ ЛИСТА НА ЗНАЧАЈНИ ТЕЛЕФОНСКИ БРОЕВИ ВО СТРАНСКАТА ЗЕМЈА( КОНТАКТ НА МАКЕДНОСКАТА АМБАСАДА, БРОЕВИ НА ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ШТО РАБОТАТ НА ИСТА ИЛИ СЛИЧНА ПРОБЛЕМАТИКА, ПОЛИЦИЈА); ГО ОХРАБРИ ЈАВУВАЧОТ ДА ОБЕЗБЕДИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АГЕНЦИЈАТА И ДА СЕ ОБИДЕ ДА СТАПИ ВО КОНТАКТ СО ЛИЦА КОИ ШТО ВЕЌЕ ИМАЛЕ ИСКУСТВО СО ИСТАТА АГЕНЦИЈА.

*ИМЕТО САБИНА Е ИЗМИСЛЕНО И ДЕТАЛИТЕ СЕ ОТСТРАНЕТИ СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗАШТИТИ НЕЈЗИНИОТ ИДЕНТИТЕТ.

ЗАБЕЛЕШКА: ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА АКЦИЈА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ОТВОРЕНА ПОРТА НЕ ЈА ПРЕВЕНИРА

## НА СОС ЛИНИЈАТА СЕ ЈАВИ КАТЕРИНА

**КАТЕРИНА ДОКТОРКА ОД ТЕТОВО СЕ ЈАВИ НА СОС ЛИНИЈАТА СО МОЛБА ДА ПОМОГНЕМЕ НА САРА 12 ГОДИШНО ДЕВОЈЧЕ. ДОКТОРКАТА ИНФОРМИРАШЕ ДЕКА ДЕВОЈЧЕ ОД ТЕТОВСКО СЕЛО Е ПРИСИЛУВАНА ОД СТРАНА НА НЕЈЗИНИТЕ РОДИТЕЛИ НА ПИТАЧЕЊЕ И ПРОСТИТУЦИЈА.**

**ЈАВУВАЧОТ ГО ИМА ПРИЈАВЕНО СЛУЧАЈОТ И ДО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ МЕЃУТОА ДО МОМЕНТОТ НА ЈАВУВАЊЕ НА СОС ЛИНИЈАТА НЕМА ИНФОРМАЦИИ ДЕКА СЕ ПРЕВЗЕМЕНИ ОДРЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ПО ОДНОС НА НЕЈЗИНАТА ПРИЈАВА.**

СОС ЛИНИЈАТА ГО УПАТИ СЛУЧАЈОТ ДО ТИМОТ НА ОТВОРЕНА ПОРТА КОЈ ШТО РАБОТИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДИРЕКНА ПОДДРШКА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ. ДОБИЕНИТЕ ИНФОРМАЦИИ БЕА УПАТЕНИ ДО **СПЕЦИЈАЛНАТА ЕДИНИЦА НА МВР** И ДИРЕКНО ГО КОНТАКТИРАШЕ ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ОД НАЦИОНАЛНИОТ МЕХАНИЗАМ ЗА УПАТУВАЊЕ НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТКА СО ЦЕЛ ПРЕВЗЕМАЊЕ НА НЕОПХОДНИТЕ МЕРКИ ЗА ПОНАТАМОШНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА СЛУЧАЈОТ И ПРЕВЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕТЕТО ВО НЕГОВ НАЈДОБАР ИНТЕРЕС.

*ИМЕТО САРА Е ИЗМИСЛЕНО И ДЕТАЛИТЕ СЕ ОТСТРАНЕТИ СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗАШТИТИ НЕЈЗИНИОТ ИДЕНТИТЕТ.

## НА СОС ЛИНИЈАТА СЕ ЈАВИ МАРИЈА

**МАРИЈА СЕ ЈАВИ НА СОС ЛИНИЈАТА ЗА ПОМОШ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ, БЕШЕ ЗАГРИЖЕНА И ВИДНО ВОЗНЕМИРЕНА ЗА СВОЈАТА ЌЕРКА КОЈА ВЕЌЕ 3 НЕДЕЛИ ЈА НЕМА ДОМА. МОБИЛНИОТ ТЕЛЕФОН НА НЕЈЗИНАТА ЌЕРКА НЕ БИЛ ДОСТАПЕН И НЕ БИЛА ВО МОЖНОСТ ДА ОСТВАРИ КОНТАКТ СО НЕА. ЖЕНАТА НЕ ИНФОРМИРАШЕ ДЕКА СТАНУВА ЗБОР ЗА ДЕТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.**

**ЧЕСТО НЕЈЗИНАТА ЌЕРКА ЗНАЕЛА ДА СИ ЗАМИНЕ ОД ДОМА ИДА ЈА НЕМА ПО 2 ДЕНА НО ОВОЈ ПАТ ВЕЌЕ 2 НЕДЕЛИ НЕ СЕ ВРАТИЛА ДОМА. МАЈКАТА МАРИЈА БЕШЕ ВИДНО ВОЗНЕМИРЕНА И ЗАГРИЖЕНА ЗА СОСТОЈБАТА НА НЕЈЗИНАТА ЌЕРКА.**

СОС ЛИНИЈАТА ГИ ОБЕЗБЕДИ СИТЕ ПОТРЕБНИ ИНФОРМАЦИИ КОИ БЕА ПРЕПРАТЕНИ ДО СООДВЕТНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ДА СЕ УТВРДИ И ИСПИТА ЦЕЛА СИТУАЦИЈА.

*ИМЕТО МАРИЈА Е ИЗМИСЛЕНО И ДЕТАЛИТЕ СЕ ОТСТРАНЕТИ СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗАШТИТИ НЕЈЗИНИОТ ИДЕНТИТЕТ.

**”СОС ЛИНИЈАТА МОЖЕ ДА ЗНАЧИ ЖИВОТ – МИ ПОМОГНАА ДА СЕ ЗАШТИТАМ ОД ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ”**

**Н.Н - ЈАВУВАЧ**